**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА**
***ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ – МОЖНОСТ ДА СЕ ЗАРАБОТИ ОД КРЕАТИВНА РАБОТА***

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
|---|---|
| проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>доц. д-р Ненад Гавриловиќ<br>доц. д-р Неда Здравева | доктор на правни науки/редовен професор<br>доктор на правни науки/доцент<br>доктор на правни науки/доцент |

## II. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:**<br>Право на интелектуална сопственост – применета програма за информатички науки и компјутерско инженерство | |
|---|---|
| **Број на кредити:** | **Вкупно часови настава:**<br>**12** |

## III. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

| **Опис на предметната програма** |
|---|
| Предметната програма ги презентира основите на интелектуална сопственост, односно авторското и сродните права и правото на индустриска сопственост. Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот, на првото од интелектуална сопственост, различните видови права на интелектуална сопственост, нивната прометливост и начин на нивна заштита. Сето ова се разгледува од аспект на интересите на информатички науки и компјутерско инженерство |

## IV. Цели и резултати што треба да се постигнат

**Цели и резултати што треба да се постигнат**

Со изучување на предметната програма студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на интелектуална сопственост во предметите што се резулат на нивниот творечки труд.. Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците (автор, пронаоѓач, креатор) од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други). Стекнувајќи се со знаења за правата што им припаѓаат на носителите, студентите ќе се стекнат со практични знаења како се врши прометот на правата од интелектуална сопственост (ПИС), при тоа ќе сфатат колкаво е значењето но и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Посебно ќе се стекнат со информации за тоа како се пренесуваат правата, односно за договорите за пренос на ПИС - договорот за лиценца, цесија, франшизинг, трансфер на технологии, договор за нарачка на авторско дело, договор за авторско дело од работен однос и сл. Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на ПИС (пиратерија и фалсификување). Како логична завршница на овој курс студентите ќе се стекнат со знаења за заштитата на овие права.
Целата на предметот право на интелектуална сопственост е да ги оспособи студентите за следново:

- да го разберат комплексниот систем на правото на интелектуална сопственост, како и неговата правна нормираност
- да ги разберат различните видови права на интелектуална

сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита
- да стекнат информации како можат на соодветен начин да ги стават во промет правата на интелектуална сопственост
- да разберат како може да се заштитата првата на интелектуална сопственост

## V. Детална структура на предметната програма

| **Тема бр. 1** | **број на часови: 1** |
|---|---|

**назив на тематската целина:**
**ПОИМ, ЗНАЧЕЊЕ И ИЗВОРИ НА ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со поимот, системот и значењето на правото на интелектуална сопственост, како и домашните и меѓународните извори на правото на интелектуална сопственост

1. Што е тоа право на интелектуална сопственост? Колку знаете за правната заштита на правата од интелектуална сопственост?
2. Систем на правото на интелектуална сопственост
   a. Авторско право и сродни права
   b. Право на индустриска сопственост
   c. Право за спречување на нелојалната конкуренција
3. Значење на заштитата на правото на интелектуална сопственост: Економски и правни аргументи
4. Домашни и меѓународни извори на правото на интелектуална сопственост

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:
- ✓ способност да се дефинира поимот на правото на интелектуална сопственост
- ✓ разбирање на системот на правото на интелектуална сопственост
- ✓ способност да се аргументира значењето на правната заштита на правата од интелектуална сопственост
- ✓ способност да се идентификуваат домашните извори на правото на интелектуална сопственост
- ✓ способност да се идентификуваат меѓународните извори на правото на интелектуална сопственост

| **Тема бр. 2** | **број на часови: 1** |
|---|---|

**назив на тематската целина:**
**СУБЈЕКТИ И НОСИТЕЛИ И НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со субјектите кои се појавуваат како носители на правата од интелектуална сопственост, како и со содржината на правата од интелектуална сопственост

1. Автор и носители на сродни права
   - Поим на автор
   - Способност да се биде автор
   - Претпоставка на авторство
   - Носител на авторско право
   - Носители на сродни права
   - Странски автори и носители на сродни права
2. Носители на права од индустриска сопственост
   - Поим на пронаоѓач
   - Способност да се биде пронаоѓач

- Степен на инвентивност
- Носител на право на знаење и искуство
- Носител на трговска тајна
- Носител на право на индустриски дизајн
- Носител на право на трговска марка
- Носител и корисник на заштитен географски назив
- Креатор на топографија на интегрално коло

3. Повеќе носители на правата од интелектуална сопственост
   - Поим на коавторство
   - Коавторството и споените дела
   - Коавторството кај филмските дела
   - Повеќе пронаоѓачи
   - Правна положба на лицето кое давало само техничка помош при создавањето пронајдок
4. Права на интелектуална сопственост од работен однос
   - Авторско дело од работен однос
   - Авторско дело создадено по нарачка
   - Пронајдок од работен однос
   - Дизајнерски тимови
   - Лаборатории и центри за трансфер на технологии

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:

- ✓ способност да правата разлика помеѓу статусот на автор и статусот на носител на авторско право
- ✓ способност да ги идентификуваат лицата кои се појавуваат како носители на сродни права
- ✓ способност да ги идентификуваат факторите кои придонесуваат едно лице да се стекне со статусот пронаоѓач
- ✓ способност да ги определат правата на правните лица во поглед на пронајдоците заштитени со патент
- ✓ способност да ги диференцираат поимите на носител и корисник на ознака на потеклото и географска ознака
- ✓ способност да се поимаат правата на странците како носители на правата од интелектуална сопственост
- ✓ разбирање на концептот на коавторство и повеќе носители на права од индустриска сопственост
- ✓ способност да се утврдат меѓусебните односи помеѓу повеќето носители на правата од интелектуална сопственост
- ✓ способност да се сфатат комплексните односи што настануваат во врска со правата од интелектуална сопственост од работен однос

| **Тема бр. 3** | **број на часови: 2** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**ПАТЕНТНО ПРАВО** | |

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со основите на патентното право и посебните правила за патентот, корисниот модел, знаењето и искуството и топографијата на интегралните кола

1. Патентно право
   - Поим на патент
   - Поим на пронајдок
   - Услови за патентибилност на пронајдокот
   - Пронајдок и техничко унапредување
   - Видови патент
2. Стекнување со патент
   - Компаративни системи на стекнување патентна заштита
   - Постапката за заштита на патент според ЗИС и подзаконските акти
   - Основи на меѓународната заштита на пронајдоците

3. Содржина и искористување на патентот
4. Корисен модел
   a. поим на корисен модел
   b. т.н. мал патент и корисен модел
5. Знаење и искуство (know-how) и трговска тајна
   - Поим на know-how
   - Поим на трговска тајна
6. Топографија на интегрални кола
   - Поим на топографија на интегрално коло
   - Овластувања на конструкторот и носителот
   - Траење на правото на топографија на интегрално коло

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:

- ✓ способност да се дефинира поимот пронајдок и субјективното право што носителот го има врз пронајдокот
- ✓ способност да се прави разлика помеѓу иновациите што не се сметаат за пронајдок и пронајдоците кои не подлежат на патентна заштита
- ✓ способност да се правата разлики помеѓу патентот и знаењето и искуството
- ✓ способност да се правата разлики помеѓу трговската тајна и знаењето и искуството
- ✓ способност да се идентификуваат степените на патентна заштита
- ✓ способност да се разграничат овластувањата на носителите на различни видови патент
- ✓ способност да се разбере улогата на меѓународните извори кај ограничувањето на патентот
- ✓ способност да се прави разлика помеѓу присилна и службена лиценца (присилна лиценца во јавен интерес)
- ✓ способност да се правата разлики помеѓу патентот и топографијата на интегрални кола

| **Тема бр. 4** | **број на часови: 2** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН, ТРГОВСКА МАРКА И ДОМЕН ИМЕ** | |

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:**

1. Запознавање на студентите со правната уреденост на индустрискиот дизајн како посебно право од индустриска сопственост со оглед на неговото значење во компјутерската индсутрија
2. Запознавање на студентите со содржината на трговската марка како право од индустриска сопственост, овластувањата на нејзиниот носител и модалитетите преку кои се искористува трговската марка

1. Индустриски дизајн
   - Поим на индустриски дизајн
   - Објект на заштита кај индустрискиот дизајн
   - Карактеристики на индустрискиот дизајн
   - Услови за стекнување со индустриски дизајн
   - Содржина и искористување на правото на индустриски дизајн
2. Трговска марка
   - Поим на трговска марка
   - Објект на заштита кај трговската марка
   - Карактеристики на трговската марка
   - Услови за стекнување со трговска марка
   - Содржина и искористување на трговска марка
3. Содржина и искористување на домен името
   - Стекнување со право на домен име
   - Домен името и трговската марка

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со

следниве знаења и способности:
- ✓ способност да се определи обемот на објектите што подлежат на заштита како индустриски дизајн
- ✓ способност да се идентификуваат правата на носителите на индустриски дизајн
- ✓ способност да се идентификуваат целите на заштита на објектите на трговската марка
- ✓ способност да се идентификуваат правата на носителите на трговска марка
- ✓ способност да се прави разлика помеѓу трговските марки и домен имињата
- ✓

| **Тема бр. 5** | **број на часови: 2** |
|---|---|

**назив на тематската целина:**
**АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА - ЗАШТИТА НА КОМПЈУТЕРСКИ ПРОГРАМИ И БАЗИ НА ПОДАТОЦИ**

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со основите на авторското право и сродните права и системот на заштита на правата на авторите и носителите на сродни права, и во тие рамки заштита на правата на компјутерските програми и базите на податоци

1. Создавање на авторско дело и стекнување со авторскоправна заштита
   - Фази на создавање авторско дело
   - Услови за заштита на авторското дело
   - Формалностите кај авторскоправната заштита
2. Видови авторски дела
3. Авторскоправна заштита на компјутерски програми
4. Основни правила за сродните права
   - Поим на сродните права
   - Законска уреденост на сродните права
   - Однос помеѓу авторското право и сродните права
5. Права на изготвувачите на бази на податоци со „суи генерис" заштита
   - Поим на РТВ изготвувач на бази на податоци со „суи генерис" заштита
   - Материјални права на изготвувачите на бази на податоци со „суи генерис" заштита

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:
- ✓ способност да се сфати концептот на заштита на авторското право и сродните права
- ✓ способност да се идентификуваат објектите на заштита на авторското право и на секое од сродните права
- ✓ способност да се дефинира и разграничи релацијата помеѓу правната заштита на авторското право и сродните права
- ✓ запознавање со основните права на носителите на поедини сродни права
- ✓ вештини на разликување помеѓу посебните материјални овластувања од сродните права
- ✓ способност да се идентификува како може да се заштитата компјутерските програми и базите на податоци

| **Тема бр. 6** | **број на часови: 2** |
|---|---|

**назив на тематската целина:**
**ПРОМЕТ СО ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУЛАНА СОПСТВЕНОСТ**

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со основите на прометот со правата на интелектуална сопственост

1. Општо за авторските договори
   - Значење и поле на примена на авторските договори

- Обем на права што се пренесуваат
- Битни елементи на авторските договори
- Авторски надомест
- Форма на авторските договори
- Толкување на авторските договори

1. Посебно за договор за нарачка на авторско дело
   - Поим на договор за нарачка на авторско дело
   - Битни елементи на договорот за нарачка на авторско дело
   - Обврски на авторот
   - Обврски на нарачателот
1. Договор за пренос на права од индустриска сопственост
   - Поим на договор за пренос на правата од индустриска сопственост
   - Склучување на договорот за пренос на правата од индустриска сопственост
   - Форма на договорот за пренос на правата од индустриска сопственост
   - Дејство на договорот за пренос на правата од индустриска сопственост
1. Договор за лиценца
   - Поим на договор за лиценца
   - Преговарање, склучување и форма на договорот за лиценца
   - Содржина на договорот за лиценца
   - Дејство на договорот за лиценца
1. Економската улога и значење на договорите за пренос на правата на интелектуална сопственост

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:

✓ способност да се сфати улогата на договорите за пренос на првата на интелектуална сопственост
✓ знаења за формата и содржината на договорите
✓ способност да се идентификуваат економските функции и улога на договорите за пренос на првата на интелектуална сопственост
✓

| **Тема бр. 7** | **број на часови: 2** |
| --- | --- |
| **назив на тематската целина:**<br>**ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ (ENFORCEMENT)** | |

**Детална структура на тематската целина:**

**Основна цел:** Запознавање на студентите со основните правни средства за правна заштита на правата од интелектуална во случај на нивна повреда или загрозување

1. Граѓанскоправна заштита на правата на интелектуална сопственост
   - Заштита на авторското право и сродните права во парнична постапка
   - заштита на правата од индустриска сопственост во парнична постапка
1. Казненоправна заштита на правата од интелектуална сопственост
   - Објект на заштита
   - Дејствија на повреда
   - Предлог директива за казнени мерки
   - Казнени дела
   - Посебни истражни мерки

1. Спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост и потребата од ефикасно законодавство
   - Развојот на пазарната економија и потребата од спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост
   - TRIPS и домашните извори за спроведување на заштитата на правата

од индустриска сопственост

- Директивата 2004/48/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 29 април 2004 за спроведување на правата на интелектуална сопственост и домашните извори за спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост
- Механизми на заштита на правата од индустриска сопственост
- Новите инструменти за заштита на правата на интелектуална сопственост – SOPA – да или не?

**Резултати што треба да се постигнат:** Со очекува студентите да се стекнат со следниве знаења и способности:

✓ способност да се сфати целта на ефикасната заштита на правата од способност да се сфати целта на ефикасната заштита на правата од интелектуална сопственост и нејзиното спроведување
✓ способност да се идентификуваат главните средства за спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост
✓